Врз основа на Законот за заштита на личните податоци ( „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/2020) и член 6 став 4 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/2020), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

# ПОЛИТИКА
## за системот за заштита на лични податоци на Општина Ѓорче Петров

### Цел на обработката на личните податоци

Личните податоци во Општина Ѓорче Петров се обработуваат на начин и според принципи утврдени во Законот за заштита на личните податоци и во подзаконските акти кои произлегуваат од законот, со цел првенствено исполнување на основната дејност од работењето на Општина Ѓорче Петров .

Во Општина Ѓорче Петров се обработуваат личните податоци од вработените за целите на евидентирање и управување со човечките ресурси што е законска обврска на општината согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

### Принципи и начела на обработката на личните податоци

**Законитост**

Личните податоци во Општина Ѓорче Петров се собираат и се обработуваат во согласност со закон за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и во склад со прописите за вработените во јавниот сектор, прописите за административните службеници и другите посебни прописи што ги применува општината во своето работење.

Личните податоци се чуваат, се ажурираат и се обработуваат во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од тоа што е потребно за целите поради кои се обработуват. Податоците се обработуваат врз база на целосна доверливост, интегритет, расположливост и заштита, на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност, вклучително заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од губење, уништување или оштетување на податоците.

На секое физичко лице – субјект на лични податоци му се гарантира безбедност и заштита на личните податоци без дискриминација по било која основа.

## Транспарентност во комуникацијата

Во Општина Ѓорче Петров се обработуваат личните податоци од вработените врз основа на нивна претходна согласност во случаите предвидени со законот за целите на евидентирање и управување со аспектите на човечки ресурси.

Лични податоци се обработуваат и на физички лица кои биле посетители, деловни партнери или соработници до степен до кој што е неопходно за целите на верификација и конечност на актите поврзани со деловната соработка.

Во општината по исклучок се обработуваат податоци на физички лица кои се јавуваат во улога на баратели на информации од јавен карактер само до степен на идентификација на нивната адреса за целите на доставување на одговорите по поставените прашања на пропишан образец - Барање.

## Правичност

Субјектот на личните податоци мора да биде свесен и запознаен дека неговите податоци ќе се обработуваат. Тоа ќе му помогне да донесе одлука за тоа дали се согласува со таквата обработка или ќе го искористи правото на приговор или евентуално ограничување на обработката на неговите лични податоци.

**Контролор на збирки на лични податоци**

Контролор на личните податоци е Општина Ѓорче Петров .

**Податоци кои можат да се собираат**

Може да се собираат податоци поврзани со следните категории лица:

- Посетители на интернет страната www.opstinagpetrov.gov.mk

  Во тој контекст се обработуваат податоци за анализирање на посетеноста на веб-страната на Општина Ѓорче Петров , при што користиме задолжителни и статистички веб колачиња „Cookies" со цел да се подобри корисничкото искуство на посетителите на нашата апликација.

  Ова ни овозможува да го подобриме вашето идно искуство на нашата апликација и да обезбедиме сигурност на веб страната и заштита од неовластени упади.

- Баратели и други физички лица во случаите кога поднесуваат разни барања, пријави или предлози преку контакт формата. Овие барања необврзувачки содржат информации за идентитетот на испраќачот. Овие податоци имаат ограничен обем, вообичаено име, презиме и контакт податоци, кои се тесно поврзани со самото барање.

- Лица кои бараат пристап до информации од јавен карактер врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. За да се обработат барањата за пристап до информации од подносителите необврзувачки се бараат информации за идентитетот на испраќачот содржани во самиот Образец на барање.

## 2. Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат

Лични податоци кои ги прибира Општина Ѓорче Петров од субјектите кои ја посетуваат веб страната www.opstinagpetrov.gov.mk се оние кои тие доброволно ги доставуваат за конкретни цели, како би овозможиле општината да ги оствари своите потреби за информирање, за консултација, за прибирање на иницијативи или предлози упатени до офицерот за заштита на лични податоци.

Начин на собирање на личните податоци

Личните податоци ги собираме преку:

- користење на веб страната на Општина Ѓорче Петров од надворешни лица, вклучувајќи ги тука и формите за комуникација;
- e-mail: kontakt@opstinagpetrov.gov.mk
- архивата на Општина Ѓорче Петров
- пошта,

**Категориите на корисници на лични податоци**

Активностите на обработка на лични податоци поврзани со on-line услугите достапни преку интернет страната на Општина Ѓорче Петров, се извршуваат од страна на вработените одговорни за овие услуги или лицата задолжени за извршување на предметните активности.

Објавувањето на податоците на трети лица се врши со максимално почитување на основните начела и принципи за заштита на личните податоци, согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци.

**Време потребно за чување на собраните податоци**

Податоците кои се прибираат се чуваат во согласност со закон во периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени во Правилникот за роковите на чување и за начинот на правење сигурносни копии, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачувани лични податоци на Општина Ѓорче Петров согласно Планот за чување на архивскиот материјал и годишните листи за чување документарен материјал.

Личните податоци ќе бидат чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на личните податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка, по што истите се бришат и уништуваат.

## Време на чување на личните податоци

Писмените одговори по поднесени барања односно претставки до Општина Ѓорче Петров се чуваат две години од нивното настанување, а потоа истите се уништуваат на начин и во постапка согласно прописите за архивски материјал и важечките листи на документарен материјал.

## Правата на субјектите во однос на обработката на лични податоци

Секој субјект на лични податоци има право :

-да биде информиран за обработката на личните податоци

-да има пристап до личните податоци

-да даде претходна согласност за обработка

-да се изврши исправка и бришење на личните податоци

-да се ограничи обработката на личните податоци и

-право на приговор

За дополнителни информации со правата за заштита на лични податоци да се контактира офицерот за заштита на лични податоци чии контакт информации се објавени на веб страната на Општина Ѓорче Петров и содржат име и презиме, телефонски број и е-маил адреса на офицерот.

**Број: 09-458/1**
**од 25.02. 2022 година**
**Скопје**

Градоначалник
Александар Стојкоски